РАФАЈЛОВСКИ ревизија

Членка на
HLB WE ARE AN INDEPENDENT MEMBER OF THE GLOBAL ADVISORY AND ACCOUNTING NETWORK

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е-маил: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА АД ФК ШКЕНДИЈА ТЕТОВО**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (стр. 6 до 9) на **АД ФК ШКЕНДИЈА Тетово** (во понатамошниот текст "Друштвото"), што се состојат од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2021 година, Извештај за сéопфатна добивка што тогаш завршува, Извештај за промените во сопственичката главнина, Извештај за паричните текови и Прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки кон финансиските извештаи.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија и ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки што се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сéвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**РАФАЈЛОВСКИ ревизија**

Членка на HLB — WE ARE AN INDEPENDENT MEMBER OF THE GLOBAL ADVISORY AND ACCOUNTING NETWORK

**ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 е-маил: info@rafajlovski.com.mk**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА АД ФК ШКЕНДИЈА ТЕТОВО**

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото на 31 Декември 2021, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството на Друштвото и исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2021 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење на конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и поединечните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31.12.2021, во согласност со МСР 720, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија (Сл. весник на РМ бр. 158/10...83/18) и (Сл. весник на РСМ бр.122/21).

Наше мислење е дека, историските финансиски информации изнесени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31.12.2021, се конзистенти, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и поединечните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31.12.2021 година.

Скопје, 13 април 2022 година

Овластен ревизор
Донка Јанев

Директор
Јасмина Рафајловска